Врз основа на член 66 став 2 и член 34 став 1 алинеја 1 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23), на Основачкото Собрание на Комората на вештаци на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25.09.2024 година, донесе

# СТАТУТ
# НА КОМОРАТА НА ВЕШТАЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат: називот, седиштето делокругот на работа, организацијата и работата на Комората на вештаци (во понатамошниот текст: Комората), нејзините органи и тела, општите акти и постапката за нивно донесување, правата и должностите на вештаците, постапката за издавање и одземање на лиценца, постапката за спроведување обука и полагање на испит, услови за осигурување од одговорност за вештак од штета, финансирање, внатрешната контрола врз работењето на Комората и други прашања.

## II. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА КОМОРАТА

### Член 2

Комората во извршувањето на работите од својот делокруг обезбедува унапредување на заштитата, стручноста, етиката, статусот и односот на вештаците кон граѓаните, како и подобрување на квалитетот на вештачењето.
Работите од својот делокруг, Комората ги извршува самостојно и независно, врз основа и во рамките на Уставот, Законот за вештачење, други закони, прописи, подзаконски акти и Статутот на Комората.

### Член 3

Комората:

- ги претставува вештаците;

- ги застапува интересите на вештаците;
- обезбедува услови за непречено вршење на вештачење од страна на независни и самостојни вештаци;
- решава за дисциплинската одговорност на вештаците;
- донесува Тарифник за награда и надоместок на трошоците за работа на вештаците;
- донесува акти на Комората;
- организира и спроведува континуирана стручна обука на вештаците;
- организира и спроведува задолжителна обука за полагање на испит за вештак;
- издава уверенија за завршена задолжителна обука од соодветна област за како услов за полагање на испит за вештаци;
- го утврдува начинот на полагање и системот на оценување на испитот за вештаци;
- ја утврдува програмата за континуирана стручна обука на вештаците;
- организира и спроведува испити за вештаци;
- остварува соработка со Министерството за правда и други институции во државата кои директно или индиректно можат да помогнат во остварувањето на целите и задачите на Комората;
- организира семинари и предавања, во соработка со Министерството за правда, научните и стручни институции и здруженија од Република Северна Македонија и од странство, на теми од областа на вештачењето;
- ги развива интегритетот и етиката на вештаците;
- одлучува за формирање на професионални одделенија;
- дава мислења и предлози до државните органи по однос на закони, прописи, и други акти од областа на вештачењето;
- воспоставува и ја развива соработката со комори и асоцијации на вештаци од други држави, и
- врши други работи.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

### Член 4

Називот на Комората е: КОМОРА НА ВЕШТАЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

Комората има својство на правно лице.

Комората во својата работа е самостојна и независна.

Седиштето на Комората е во Скопје на улица „Димитрие Чуповски“ бр.9.

**Професионални одделенија**
**Член 5**

Вештаците како членови на Комората ги остваруваат своите интереси непосредно преку професионалните одделенија и посредно преку избрани претставници во Собранието на Комората, како и преку други форми на организирање согласно Статутот на Комората.

Професионалните одделенијата се организациони единици на Комората во чиј состав се вештаците од иста област на вештачење.

Секое професионално одделение има раководител и заменик-раководител, избрани од редот на своите членови.

Раководителот на професионалното одделение е член на Собранието на Комората и ги застапува интересите на своето одделение во рамките на Комората. Во негово отсуство, го менува заменикот-раководителот.

Мандатот на раководителот, заменик-раководителот и претставникот на професионалното одделение трае четири години без право на повторен избор.

Секое професионално одделение врши избор на нов раководител, заменик-раководител и претставник на одделението, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот.

Известувањето за одржување на состанок за избор на нов раководител, заменик-раководител и претставник на одделението им се доставува на членовите на одделението најдоцна во рок од седум дена пред одржување на состанокот.

Изборот од претходниот став на овој член се врши со мнозинство гласови од присутните членови на одделението.

Раководителот на професионалното одделение закажува состаноци на одделението најмалку двапати годишно или на барање на една третина од членовите на професионалното одделение на кои се разгледуваат состојбите од областа на вештачење на професионалното одделение, се даваат иницијативи за преземање мерки за подобрување на состојбите, се предлагаат актуелни теми за обуки и семинари и слично.

Заклучоците од одржаните состаноци на професионалното одделение се презентираат на органите на Комората.

Состаноците на професионалните одделенија, согласно договореното од страна на мнозинството на членовите, се одржуваат во просториите на Комората, на друго место или се спроведуваат електронски.

**Член 6**

Може да биде основано само едно професионално одделение за иста област на вештачење.

Основани се следните професионални одделенија, и тоа:

- Професионално одделение за вештачење од областа на архитектура;
- Професионално одделение за вештачење од областа на геодезија;
- Професионално одделение за вештачење од областа на градежништво;
- Професионално одделение за вештачење од областа на електротехника;
- Професионално одделение за вештачење од областа на информатички технологии;
- Професионално одделение за вештачење од областа на машинство;
- Професионално одделение за вештачење од областа на земјоделство;
- Професионално одделение за вештачење од областа на шумарство;
- Професионално одделение за вештачење од областа на психијатрија;
- Професионално одделение за вештачење од областа на судска медицина;
- Професионално одделение за вештачење од областа на други медицински области;
- Професионално одделение за вештачење од областа на безбедност и здравје при работа;
- Професионално одделение за вештачење од областа на сообраќај;
- Професионално одделение за вештачење од областа на економија и финансии;
- Професионално одделение за вештачење од областа на право на интелектуална сопственост и
- Професионално одделение за вештачење од други области.

Областите на вештачење за кои се формираат професионалните одделенија, се утврдуваат со одлука на Собранието на Комората.

## IV. ОРГАНИ НА КОМОРАТА

**Член 7**

Органи на Комората се: Собрание, Претседател, Управен одбор, Надзорен одбор и Дисциплинска комисија.

Мандатот на органите на Комората трае четири години.

Со одлука на Управниот одбор, во Комората може да се формираат и други работни тела и комисии од постојан или времен карактер.

За вршење на работите од административен и технички карактер, Комората има стручна служба.

**Собрание на Комората**
**Член 8**

Собранието на Комората (во натамошниот текст: Собранието) е највисок орган на Комората.

Со Собранието раководи Претседателот на Комората.

Членови на Собранието се раководителите и избраните претставници на професионалните одделенија .

Собранието го чува угледот и честа на вршењето на вештачењето и се грижи вештаците да ги вршат своите должности совесно и во согласност со Законот за вештачење и други закони и прописи, Статутот на Комората, Методологиите за вештачење, Кодексот на етика на вештаците и други акти на Комората.

**Член 9**

Начинот на свикување, работење и одлучување на Собранието, се регулира со Деловник за работа на Собранието.

**Член 10**

Собранието:

- го донесува Статутот на Комората;
- го донесува Деловникот за работа на Собранието;
- го донесува Правилникот за дисциплинска одговорност на вештаците;
- го утврдува составот на членови на Управниот одбор, кој мора да биде непарен, вклучувајќи го и претседателот на Комората;
- го донесува Правилникот за формата и содржината на Уверението за завршена обука за полагање на испит за вештак;
- го избира Надзорниот одбор;
- го избира Претседателот на Комората;
- расправа за прашања од интерес за вештаците и вештачењето како дејност и донесува одлуки во врска со тоа;
- ја насочува работата на Управниот одбор;

- врши надзор над континуиранаата обука на вештаците;
- усвојува програма за работа на Комората;
- усвојува годишна сметка на Комората за претходната година, со предлог-пресметка за наредната година;
- донесува одлука за висина на членарината, која не може да биде поголема од една просечна месечна бруто-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година и го утврдува начинот на плаќање и
- одлучува за начинот на контрола над работењето на вештаците.

**Управен одбор**
**Член 11**

Управниот одбор е орган на управување на Комората во кој членуваат Претседателот на Комората по функција, кој воедно е и претседател на Управниот одбор и раководителите на професионалните одделенија.

Претседателот и членовите на Управниот одбор се избираат со мандат од четири години.

Седниците на Управниот одбор на Комората ги свикува претседателот на Управниот одбор или на барање на една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Управниот одбор може да одржи седница доколку присуствуваат повеќе од половина од членовите на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови.

**Член 12**

Управниот одбор:
- утврдува предлог на Статутот и другите акти на Комората;
- донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
- по претходно позитивно мислење на министерот за правда, донесува Кодекс на етика на вештаците;
- по претходно позитивно мислење на министерот за правда, донесува Тарифник за награда и надоместок за реални трошоци на вештаците за извршено вештачење и супервештачење;
- донесува правила за начините на спроведување на обуките за полагање на испит за вештак и на континуираните обуки за вештаци:

- донесува правила за начинот на спроведување и системот на оценување на испитот за вештаци;
- составува предлог-листа на вештаци кои не ја уплатиле годишната членарина и ја доставува до министерот за правда најдоцна до 10 јуни во годината за која се плаќа членарината;
- ги извршува одлуките на Собранието;
- ги извршува правосилните одлуки на Дисциплинската комисија;
- организира континуирана обука на вештаците преку семинари и предавања, за што изработува годишна програма и води евиденција за присуството;
- предлага членови на Надзорниот одбор;
- подготвува седници на Собранието;
- се грижи за редовна наплата на членарината и предлага мерки за нејзино редовно собирање;
- составува предлог на годишната пресметка и предлог-пресметка за наредната година;
- одлучува за основање интерно гласило на Комората во функција на интерно информирање на нејзините членови и јавноста за активностите на Комората;
- формира постојани и повремени комисии и тела и ги именува нивните членови, според потребите на Управниот одбор;
- остварува соработка со институциите на државата, како и соработка со здруженија и организации;
- остварува соработка со асоцијации на вештаци на други држави и меѓународни институции и донесува одлука за зачленување во истите;
- разгледува предлози, ги проучува и по нив зазема став или донесува одлуки што се од интерес за вештачењето и вештаците;
- соработува во подготовките на прописите од областа на вештачењето;
- ја следи состојбата во вештачењето и дава препораки и мислење за поуспешно извршување на дејноста;
- донесува акт за систематизација на работните места во административно-техничката служба;
- управува со средствата на Комората и поднесува извештај до Собранието,
- ја одобрува завршната сметка,
- одлучува за висината на наградите и надоместоците на членовите на органите и телата на Комората во зависност од тежината и одговорноста на задачите и направените реални трошоци, а согласно одредбите од Законот за вештачење и овој Статут;
- донесува правила за интерно следење и ажурирање на регистрите за вештаци и правни лица кои вршат вештачење, а кои се водат при Министерството за правда и се објавуваат на веб страницата на Комората;
- врши и други работи кои со овој Статут не се во надлежност на друг орган.

## Член 13

Работата, начинот на гласање и другите прашања во врска со работењето на Управниот одбор се уредуваат со Деловникот за работа на Управниот одбор, донесен од страна на Управниот одбор.

Седницата на Управниот одбор ја свикува и со неа раководи претседателот на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се објавуваат на веб-страницата на Комората.

## Член 14

Функцијата на член на Управен одбор престанува:

- со истек на мандатот;
- по сопствено барање со поднесување оставка;
- со престанување на членството во Комората односно бришење од соодветниот Регистар;
- во случај на трајна спреченост и
- во други случаи согласно закон или овој Статут.

## Член 15

По поднесена оставка од страна на член на Управниот одбор, не се одлучува за нејзино прифаќање, туку истата се смета за прифатена со денот на поднесувањето.

Заради непридржување до одредбите од Законот за вештачење и овој Статут, како и заради непрофесионално извршување на обврските кои произлегуваат од функцијата, две третини од членовите на Управниот одбор можат да предложат разрешување на член на Управниот одбор.

По поднесениот предлог од претходниот став на овој член, Одлука за разрешување донесува Собранието на Комората.

## Член 16

После одржувањето на основачкото Собрание на Комората и уписот на Комората во Централниот регистер, сите натамошни, последователни избори на членови на Управниот одбор се избираат врз основа на одлука на

Собранието, на начин утврден со Законот за вештачење и Статутот на Комората.

**Надзорен одбор**
**Член 17**

Надзорниот одбор е составен од тројца членови од кои едниот е претседател.

Членовите и претседателот на Надзорниот одбор ги избира Собранието на Комората на предлог на Управниот одбор, на мандат од две години со право на еден последователен реизбор.

Работењето на Надзорниот одбор се уредува со Деловник за работа кој го донесува Надзорниот одбор.

За својата работа Надзорниот одбор одговара пред Собранието на Комората.

**Член 18**

Надзорниот одбор:

- донесува Деловник за работа на Надзорниот одбор;
- се грижи за законито работење на Комората од областа на материјално-финансиското и сметководственото работење;
- врши периодични контроли над работењето на сметководствено-финансиското работење на Комората;
- дава мислење на Управниот одбор за составување на завршната сметка на Комората;
- дава мислење за извештајот на Комората за изминатиот период на Управниот одбор;
- предлага план за финансиско работење на Комората за наредната година до Управниот одбор и
- се грижи за редовна и навремена достава на материјално-финансиското работење до надлежните органи и институции и врши други работи во согласност со Законот за вештачење и овој Статут.

**Претседател на Комората**
**Член 19**

Комората ја претставува и застапува претседателот на Комората.

Претседателот на Комората е и Претседател на Управниот одбор со мандат од четири години.

Претседателот на Комората се избира на предлог на професионалните одделенија, и секое професионално одделение може да предложи најмногу еден кандидат за претседател.

Во случај на негова спреченост, неговите должности ги врши најстариот по возраст член на Управниот одбор.

**Член 20**

Претседателот на Комората:

- ја претставува и застапува Комората;
- се грижи за законитоста на работата на Комората;
- ги свикува и раководи со седниците на Собранието и Управниот одбор;
- го утврдува дневниот ред на седниците на Собранието и Управниот одбор;
- ги извршува одлуките на Собранието и на Управниот одбор;
- посредува со решавање на споровите меѓу вештаците;
- потпишува налози за исплата од сметките на Комората;
- ги потпишува актите и одлуките на Комората и
- врши други работи предвидени со Статутот.

**Член 21**

Управниот одбор може да го овласти претседателот на Комората во итни случаи самиот да врши одредени работи од негова надлежност. Претседателот на Комората е должен за секое такво преземено дејство да го извести Управниот одбор.

**Член 22**

Претседателот на Комората и членовите на Управниот одбор добиваат награда за вршење на својата работа во органите на Комората.

Претседателот на Комората и членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок на реалните трошоци кои ги имале во врска со вршењето на функцијата.

Управниот одбор донесува акт за висината и надоместокот на патните и другите трошоци.

## Дисциплинска комисија
## Член 23

Дисциплински орган на Комората е Дисциплинската комисија.

Листата на вештаци за членови на Дициплинската комисија ја утврдува Собранието по предлог на Управниот одбор.

Дисциплинската комисија ја формира Управниот одбор по пријава од овластен подносител и истата е составена од пет членови и нивни заменици и тоа:

- двајца членови од листата на вештаци утврдена од Собранието , од кои еден член и неговиот заменик се вештаци од соодветната област;
- еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда, од редот на раководните државни службеници во Министерството за правда со стаж на правни работи повеќе од 10 години по положен правосуден испит;
- еден член и негов заменик од редот на редовните професори од акредитиран Правен факултет во Република Северна Македонија и
- еден член и негов заменик, од редот на судиите од Основен суд на предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

## Член 24

Управниот одбор именува претседател на Комисијата од редот на двајцата членови предложени од листата на вештаци утврдена од Собранието.

Овластен подносител на пријава за поведување на дисциплинска постапка против вештак може да биде: судија, јавен обвинител, нарачател на вештачење, и учесник во постапката за која се изготвува вештачење кој што има правен интерес во таа постапка.

Овластениот подносител кон пријавата мора да достави доказ за дисциплинската повреда врз основа на која се поднесува пријавата.

Подносителот на пријавата не може да биде член на Дисциплинската комисија.

### Член 25

Дисциплинската комисија ја води дисциплинската постапка и изрекува дисциплински мерки во согласност со одредбите од Законот за вештачење и Правилникот за дисциплинска одговорност на вештаците.

## V. АДМИНИСТРАТИВНО ТЕХНИЧКА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

### Член 26

Административно-техничката служба на Комората ја врши секретарот на Комората (во натамошниот текст: Секретар).

Секретарот заснова работен однос со Комората преку склучување на договор за вработување на неопределено време.

Управниот одбор го избира секретарот по спроведен јавен оглас.

Управниот одбор формира Комисија за избор на секретар, која го спроведува огласот и предлага кандидат/и за избор на секретар до Управниот одбор.

Секретарот покрај општите услови за засновање на работен однос, треба да ги исполни и следниве услови: да биде дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование правни студии или дипломиран правник кој студирал според Болоњскиот систем и се има стекнато со минимум 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем, и има најмалку две години работно искуство по дипломирањето на правни работи.

Комората, поради зголемен обем на работа, може да формира стручна служба.

Составот, бројот и структурата на стручната служба ги утврдува Собранието со посебна одлука, по предлог на Управниот одбор.

Секретарот ја организира и раководи со стручната служба на Комората и за својата работа одговара пред претседателот на Комората.

## VI. КОНТРОЛА НАД РАБОТЕЊЕТО НА КОМОРАТА

### Член 27

Министерството за правда најмалку еднаш годишно врши контрола над работењето на Комората (во натамошниот текст: Контрола).

Контролата ја вршат лица овластени од страна на министерот за правда.

Контролата се врши во присуство на претседателот на Комората или од него овластено лице.

Претседателот на Комората или од него овластено лице е должен да овозможи непречено вршење на контролата од страна на лицата овластени за вршење контрола.

Контролата се врши во однос на:

- донесувањето на актите на Комората;
- донесувањето на програмите за работа на Комората;
- донесувањето на програмите за обука;
- донесувањето на годишната сметка на Комората;
- разгледувањето на извештајот за севкупните активности;
- спроведувањето на обуките;
- спроведувањето и евидентирањето на дисциплинските постапки;
- извршувањето на правосилните одлуки на Дисциплинската комисија и
- евиденцијата на Комората за извршените вештачења.

## VII. КОНТРОЛА НАД РАБОТАТА НА ВЕШТАЦИТЕ

### Член 28

Контролата над работата на вештаците се спроведува од страна на Дисциплинската комисија и од страна на раководителите на професионалните одделенија.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМОРАТА

### Член 29

Комората на вештаци работи на принцип на самофинансирање, а основен извор за прибирање на средства е годишната членарина.

Висината на членарината се уредува со посебна одлука, која ја донесува Собранието на Комората.

Комората може да обезбедува и дополнителни извори на приход и донации од други извори со кои не се нарушува самостојноста и чесноста на вршење на работите на вештачењето и професионалната етика.

Примањето на донации го одобрува Управниот одбор.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 30**

Овој Статут се објавува на веб страницата на Комората и Министерството за правда, а влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје
25.09.2024 г.

Собрание на Комората на вештаци
на Република Северна Македонија

Застапник/претседател

__________________________
Виктор Камнар